СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# ОДЛУКА

**за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2017 година на Стопанска банка а.д. Битола**

**Битола, април 2018 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-12149/1/I-2 од 13.6.2017 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 41. седница одржана на 25.4.2018 година, донесе,

# ОДЛУКА

## за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2017 година на Стопанска банка а.д. Битола

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2017 година на Стопанска банка а.д. Битола, со што остварената добивка по годишната сметка за 2017 година во износ од 43.013.291,00 денари ја распоредува како следува:

- 17.241.200,00 денари во законски резерви
- 25.772.091,00 денари во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.02-8525/1/III-6
Битола, 25.4.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Собрание на акционери
претседавач

## Образложение

### кон Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2017 година на Стопанска банка а.д. Битола

Стопанска банка а.д. Битола во согласност со законските прописи изготви Годишна сметка за 2017 година, при што утврди бруто-добивка во износ од 46.374.972,00 денари, од која по одбивањето на данокот на добивка во износ од 3.361.681,00 денари, нето-добивката изнесува 43.013.291,00 денари.

Распоредувањето и употребата на добивката се вршат во согласност со членовите 18 и 22 од Статутот на Банката и членовите 483 и 485 од Законот за трговските друштва.

Во согласност со истите, добивката во износ од 43.013.291,00 денари се распоредува:

- 17.241.200,00 во законски резерви и

- 25.772.091,00 во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите, која не може да се искористи за исплата на дивиденда, а може да се искористи за покривање на загуба или за зголемување на основната главнина со запишување на акции.

Надзорниот одбор на Банката на својата редовна седница одржана на 21.3.2018 година ја одобри Предлог - Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2017 година на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената Одлука.

НО бр. 02-5995/1/I.2-2
Битола, 21.3.2018 година

Стопанска банка а.д.Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ